С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 12 година XLIV

01 септември 2010

140.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/4
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службан весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се дава намена на објектите - спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов Џинот и спомен куќа на Касапови, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Објектите од член 1 од оваа Одлука се наменуваат за куќи на уметноста.

За седиште на Асоцијацијата на градови од Република Македонија со архитектонско наследство се наменува една просторија во спомен-куќата на Џинот со димензии 5.30х5.00 м, на првиот кат од објектот оплеменета со долапи, огниште и карактеристичен дрвен таван.

Член 3

Куќите на уметноста ќе се користат за одржување на колонии, семинари, летни школи, обуки, работилници, атељеа и сите форми на презентирање и создавање културни добра во областа на литературата, музиката, ликовната, сценската, филмската и сите други форми на уметност.

Член 4

Со објектите, начинот на нивното користење, план на користење, одржување и обезбедување раководи Народен музеј Велес.

За реализираните проекти во куќите на уметноста во текот на една календарска година Народен музеј Велес поднесува Годишен извештај на Советот на Општина Велес во рамките на Годишниот извештај за работа на Народен музеј Велес.

Член 5

Со денот на стапувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за прифаќање донација („Службен гласник на Општина Велес“ бр.20/07) и Одлуката за давање намена на објект – спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов Џинот, сопственост на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 10/08).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/5
25.08.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

141.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на времено користење движна ствар – противпожарно возило, сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање на времено користење движна ствар – противпожарно возило, сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/5
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општитна Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.08.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на времено користење движна ствар - противпожарно возило, сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се дава на времено користење движна ствар - противпожарно возило (цистерна за вода) тип FAP, број на шасија 13FF, број на мотор 51880, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Движната ствар се дава на времено користење на Општина Чашка за период од 5 години.

Член 3

За условите и начинот на користење на движната ствар Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Чашка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4045/6
25.08.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

142.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/1
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 46, став 1, алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.08.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

1.На Панче Иванов, член на Советот на Општина Велес му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, по поднесена оставка.

Мандатот на членот му престанува на 24.08.2006 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4045/2
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

143.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/2
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 46, став 1, алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.08.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

1.На Асен Прличков, член на Советот на Општина Велес му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, по поднесена оставка.

Мандатот на членот му престанува на 24.08.2006 година.

2.Оваа Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4045/3
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

144.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/3
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

145.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/6
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/7
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година се вршат следните измени и дополнувања:

- **Табеларен дел**
  „IV ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “

- Во позиција под реден број 1 „ Блок дотација – основно образование“ во колона „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „174.957.000“ се заменува со износот „183.976.000“ и во колона „Вкупно“ износот „174.957.000 “ се заменува со износот „183.976.000 “.

- После ред. бр. 1 „ Блок дотација – основно образование“ се додава нова позиција „1а – Пренесен вишок од претходна година – основно образование“, во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ се впишува износ „3.344.161 “и во колоната „вкупно“ се впишува износ „3.344.161 “

- Во позиција под реден број 2 „ Блок дотација – средно образование“ во колона „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „111.868.000“ се заменува со износот „110.422.000“ и во колона „Вкупно“ износот „111.868.000 “ се заменува со износот „110.422.000 “.

- После ред. бр. 2 „ Блок дотација – средно образование“ се додава нова позиција „2а – Пренесен вишок од претходна година – средно образование“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ се впишува износ „4.565.650“и во колоната „вкупно“ се впишува износ „4.565.650 “.

После ред. бр. 3 „ Приходи од самофинансирање – основно образование“ се додава нова позиција „3а – Пренесен вишок од претходна година – основно образование“, во колоната „Предвидени средства – Сопствени приходи“ се впишува износ „270.165 “и во колоната „вкупно“ се впишува износ „270.165 “.

- После ред. бр. 4 „ Приходи од самофинансирање – средно образование“ се додава нова позиција „4а – Пренесен вишок од претходна година – средно образование“ во

колоната „Предвидени средства – сопствени приходи“ се впишува износ „459.192“и во колоната „вкупно“ се впишува износ „459.192 “.

- Во позицијата „вкупно“ на глава IV ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени:

Во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „286.825.000“ се заменува со „302.307.811“, во колоната Предвидени средства –сопствени приходи износот 33.251.000 се заменува со 33.980.357 и во колоната „Вкупно“ износот „320.076.000 “ се заменува со „336.288.168“.

- Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „286.825.000 “ се заменува со „302.307.811“,во колоната „Предвидени средства – Сопствени приходи износот „33.251.000 “ се заменува со „33.980.357“ , и во колоната „Вкупно“ износот „327.466.000“ се заменува со „343.678.168“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/7
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

146.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/7
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/8
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст(„Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.082010 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година во табеларниот дел „Активности 2010“ се вршат следните измени и дополнувања:

- **I МАНИФЕСТАЦИИ**

-Во реден број 22 „Концерт Илинден“, во колоната „Предвидени средства Општина Велес“ износот „60.000“ се заменува со „0“, а во колоната „Вкупно“ износот „60.000“ се заменува со „0“.

-реден број 24 „Скулпторска колонија“, се брише во целост.

-Во реден број 47 „Непредвидени трошоци“, во колоната „Предвидени средства Општина Велес“ износот „50.000“ се заменува со „110.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „50.000“ се заменува со „110.000“.

-После реден број 47 се додава нова позиција: „ред. бр. 48 „Топол културен бран“, во колона „рок“ се впишува „јули и август“, во колоната „носител“ се впишува „Министерство за култура и Општина Велес“ во колона „Предвидени средства Министерство за култура“ се впишува износот „70.000“, во колона „Предвидени средства Општина Велес“ се впишува износот „100.000“ “, а во колоната „Вкупно“ се впишува износот „170.000“.

-После реден број 48 се додава нова позиција: „ред. бр. 49 „Празник на виното - Божуле“ во колона „рок“ се впишува „ноември“, во колоната „носител“ се впишува „ Општина Велес и сите винарии од општината“ во колона „Предвидени средства Општина Велес“ се впишува износот „200.000“ “, а во колоната „Вкупно“ се впишува износот „200.000“.

-Во позицијата „Вкупно“ глава I Манифестации во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „2.530.000“ се заменува со „1.900.000“, во колоната „Предвидени средства Општина Велес“ износот „6.385.000“ се заменува со „5.885.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „8.915.000“ се заменува со „7.785.000“.

II ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА

1. Инвестиции

-Во реден број 1 насловот „Опремување на спомен-соби во куќата на Џинот“ се менува и гласи „Опремување на куќите на Џинот и Касапови“ во колоната „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „150.000“ се заменува со „250.000, а во колоната „вкупно“ износот „150.000“ се заменува со „250.000“.

-Во позицијата „Вкупно“ глава „II Поддршка на Културата, 1. Инвестиции“, во колоната „Предвидени средства Општина Велес“ износот „650.000“ се заменува со „750.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „650.000“ се заменува со „750.000“.

III ТАНСФЕР НА СРЕДСТВА

Во табеларниот дел „III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА“ се вршат следните измени и дополнувања:

- Во позиција под реден број 1 „ Блок дотација – Култура“ во колона „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „11.961.000“ се заменува со износот „11.435.620“ и во колона „Вкупно“ износот „11.961.000 “ се заменува со износот „11.435.620 “.

- После позиција под ред. бр. 1 „ Блок дотација – култура“ се додава нова позиција „1а – Пренесен вишок од претходна година – култура“, во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ се впишува износ „1.025.616 “и во колоната „вкупно“ се впишува износ „1.025.616 “.

- После позиција под ред. бр. 2 „ Приходи од самофинансирање – култура“ се додава нова позиција „2а – Пренесен вишок од претходна година – култура“, во колоната „Предвидени средства – сопствени приходи“ се впишува износ „32.422 “и во колоната „вкупно“ се впишува износ „32.422 “.

- Во позиција „вкупно“ во колона средства од Министерството износот „11.961.000“ се заменува со износот „12.461.236“. Во колона „Предвидени средства-Сопствени приходи“ износот „1.650.000“ се заменува со износот „1.682.422“. И во колона „вкупно“ износот „13.611.000“ се заменува со износот „14.143.658“.

- Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „14.491.000“ се заменува со „14.361.236“, во колоната „Предвидени средства-Сопствени приходи“ износот „1.650.000“ се заменува со „1.682.422. Во колоната „предвидени средства Општина Велес“ износот „8.135.000“ се заменува со „7.735.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „24.276.000“ се заменува со „23.778.658“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/8
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

147.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/8
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/9
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 год.,донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2010 година се вршат следните измени и дополнувања:

- Во глава II „Поддршка на социјалната заштита“, ставка „Инвестиции“, после реден број 1 се додава :

- „ред. бр.2 -Довршување на реконструкција на покрив во Клон II во ОЈУДГ „Димче Мирчев“, во колона „предвидени средства од Општина Велес“ се впишува износот „400.000“ денари и во колона „вкупно“ се впишува износот „400.000“.

- Во глава II „Поддршка на социјалната заштита“, во позиција „вкупно“ во колона „Предвидени средства од Општина Велес“ износот „100.000“ се заменува со „500.000“ и износот вкупно „100.000“ се заменува со „500.000“.

- Во глава II Трансфер на средства

-Во позиција под реден број 1 „Блок дотација – Детска градинка“ во колона „Предвидени средства од МТСП“ износот „39.680.000“ се заменува со „37.979.200“, а во колона вкупно износот „39.680.000“ се заменува со „37.979.200“.

- после реден број 1 се додава нова позиција „ред. бр.1а „пренесен вишок од претходна година – Детска градинка“ во колона „Предвидени средства од МТСП“ се внесува износот „544.195“ и во колона „вкупно“ се внесува износот „544.195 “.

- после реден број 2 се додава нова позиција „ред. бр. 2а „пренесен вишок од претходна година од сопствени приходи – Детска градинка“ во колона „Сопствени приходи“ се внесува износот „110.648“ и во колона „вкупно“ се внесува износот „110.648 “.

- во позиција „вкупно“ во колоната „Предвидени средства од МТСП“ износот „39.680.000“ се заменува со „38.523.395“ ,во колоната предвидени средства – сопствени приходи износот 15.000.000 се заменува со 15.110.648 и во колона вкупно износот „54.680.000“ се заменува со „53.634.043“.

На крајот на табеларниот преглед, во позицијата „СЕ ВКУПНО“ се вршат следните измени:

- Во колона предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика износот „39.680.000“ се заменува со износот „38.523.395 “; во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „1.920.000“ се заменува со „2.320.000“, во колона Предвидени средства – сопствени приходи износот „15.000.000“ се заменува со „15.110.648“, и во колоната „вкупно“ износот „56.660.000“ се заменува со „56.014.043“.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/9
25.08.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

148.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/9
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/10
25.08.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), и член 45 став 1од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година (“Службен гласник на општина Велес” бр.) се врши измена:

1.2. во глава IV. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ :

во табелата Приходи се следните измени,

-точка 1 Средства од продажба на градежно земјиште износот од 29.000.000 се намалува на 19.000.000 денари

-точка 2 Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште од корисниците на земјиштето за изградба на

објекти износот од 26.702.400 се намалува на 21.647.566 денари

-точка 7 средства од Републиката * Средства од фондот за магистрални и регионални патишта од 14.000.000 денари се намалува на 6.816.587 денари

-точка 9 Средства од буџетот на општината износот од 15.331.600 денари се зголемува на 37.569.847 денари

Вкупниот износ на ставката Приходи не се променува.

во табелата Расходи,

-програма Ф Урбано планирање износот 12.900.000,оо ден. се брише и се заменува со 13.100.000,оо ден.

-потпрограма Ф10 Урбанистичко планирање износот 3.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.500.000,оо ден.

-потпрограма Ф20 Уредување на градежно земјиште износот 3.300.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.500.000,оо ден.

.... во точка 1 експропријација на градежно земјиште износот 1.000.000,оо ден. Се брише и се заменува со 500.000,оо ден.

.... во точка 3 Геодетски услуги(протоколи, нумерички и ажурирани подлоги износот 1.000.000,оо ден. Се брише и се заменува со 700.000,оо ден.

-потпрограма Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја износот 4.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 5.500.000,оо ден.

-потпрограма ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи) износот 2.600.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.600.000,оо ден.

-програма Ј Комунални дејности износот 93.100.000,оо ден. се брише и се заменува со 115.550.000,оо ден.

- потпрограма ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување износот 8.250.000,оо ден. се брише и се заменува со 6,750.000,оо ден.

- .... во точка 3 Учество во систем за водоснабдување на с. Бузалково износот 3.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 1,500.000,оо ден.

-потпрограма Ј20 Одведување и прочистување на отпадни води износот 4.100.000,оо ден. се брише и се заменува со 3,900.000,оо ден.

-.... точката 3 Прибирање на мали води од Дервенски поток со отови бетонски елементи износот 600.000,оо ден. се брише во целост.

-.... точката 5 Изведба на краци од канализационен систем во Бузалково – учество износот 600.000,оо ден. се брише во целост.

-.... во точката 6 Изведба на канали за прифаќање на атмосверски води износот 1.200.000,оо ден. се брише и се заменува со 2,200.000,оо ден.

-потпрограма ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води износот 9,200.000,оо ден.се брише и се заменува со 8,665.000,оо ден.

-.... во точката 3. Изградба на фекална канализација со пречистителна станица за с. Г. Оризари зона 3 со износот 6,000.000,оо ден. се брише и се заменува со 5,465.000,оо ден.

-потпрограма Ј40 Јавна чистота износот 4,000.000,оо ден. се брише и се заменува со 8,000.000,оо ден.

-потпрограма Ј40 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот 31,880.000,оо ден. се брише и се заменува со 28,670.000,оо ден.

-.... точката 1 Асвалтирање на улица Сутјеска со износ од 350.000,оо ден се брише во целост.

-.... точката 2 Асвалтирање на улица Крсте Мисирков со износ од 1.200.000,оо ден се брише во целост.

-.... точката 5 Асвалтирање на обиколен пат Велес – Башино село со износ од 1.000.000,оо ден се брише во целост.

- .... во точката 7 Асфалтирање на ул.Киро Ќучук (од спој со Васил Главинов до спој со Гемиџиска) износот 1.400.000,оо ден. се брише и се заменува со 1,630.000,оо ден.

-.... во точката 9 Асвалтирање на ул.Ордан Џинот од спој со Прохор Пчински до спој со Вера Цири Вири се заменува со зборовите Реконструкција на ул.Ордан Џинот од спој со Прохор Пчински до спој со Вера Цири Вири

-.... во точката 11 Изградба на улици во населба Хабитат износот 500.000,оо ден. се брише и се заменува со 1,700.000,оо ден.

-.... во точката 12 Изградба на ул.Тодор Јанев (стругање и асфалтирање) износот 1. 000.000,оо ден. се брише и се заменува со 1,110.000,оо ден.

-.... точката 16 Продолжување на тротоар на ул. Вардарска со износ од 500.000,оо ден се брише во целост.

-.... точката 17 Реконструкција на тротоар на ул. Сутјеска со износ од 300.000,оо ден се брише во целост.

-.... точката 18 Реконструкција на тротоар на ул. Крсте Мисирков со износ од 300.000,оо ден се брише во целост.

-.... точката 19 Изградба на тротоар од спој на ул. Живко Фирфов со Благој Ѓорев до рампа во Превалец (после реконструкција на водоводна мрежа)со износ од 1.100.000,оо ден се брише во целост.

-.... во точката 24 Бетонирање на дел од ул.Стојан Јанакиевиќ се заменува со зборовите Реконструкција на дел од ул.Стојан Јанакиевиќ.

-.... во точката 25 Бетонирање на на дел од ул.Јане Сандански се заменува со зборовите Реконструкција на дел од ул.Јане Сандански.

-.... во точката 26 Бетонирање на дел од ул.Ганчо Хаџи Панзов се заменува со зборовите Реконструкција на дел од ул.Ганчо Хаџи Панзов.

-.... во точката 27 Бетонирање на дел од ул.Богдан Каракостев се заменува со зборовите

Реконструкција на дел од ул.Богдан Каракостев.

-.... во точката 28 Бетонирање на дел од ул.Васа Кошулчева се заменува со зборовите Реконструкција на дел од ул.Васа Кошулчева.

-.... во точката 33 Поплочување на ул.Кирил и Методиј (пристап кон црква Св.Пантелемон) износот 1.400.000,оо ден. се брише и се заменува со 3,000.000,оо ден.

-.... точката 35 Пробивање и бетонирање на улица позади зградата на ХИВ со износ од 800.000,оо ден се брише во целост.

-.... во точката 40 Бетонирање на дел од ул.8-ми Март се заменува со зборовите Реконструкција на дел од ул.8-ми Март.

-.... во точката 44 Интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓаните износот 800.000,оо ден. се брише и се заменува со 300.000,оо ден.

-потпрограма Ј70 Одржување и користење на паркови и зеленило износот 4.800.000,оо ден. се брише и се заменува со 5.150.000,оо ден.

-.... во точката 2 Набавка на материјали за хортикултурно уредување износот 500.000,оо ден. се брише и се заменува со 850.000,оо ден.

-потпрограма ЈМ0 Паркови и зеленило (капитални расходи) износот 1.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.700.000,оо ден.

-.... во точката 1 Уредување на простори пред згради и реконструкција на зелени површини износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.200.000,оо ден.

-потпрограма Ј80 Други комунални услуги износот 2.550.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.750.000,оо ден.

-.... во точката 5 Рамина 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 200.000,оо ден.

-потпрограма ЈЛ0 Други комунални услуги (капитални расходи) износот 10.900.000,оо ден. се брише и се заменува со 8.550.000,оо ден.

-.... во точката 1 Плоштад Варналиеви износот 1.500.000,оо ден. се брише во целост.

-.... во точката 3 Плоштад Мегдан износот 150.000,оо ден. се брише во целост.

-.... во точката 8 Изградба на прешачки надвозник на Битолска пруга („Кумановска“ – „Енгелсова“) износот 1.200.000,оо ден. се брише во целост.

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-4045/10
25.08.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

149.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи

Се објавува Заклучокот за усвојување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/10
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 11, став 3 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04, 49/04 и 86/08) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи

1. Советот на Општина Велес ја усвои Проценатa на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/11
25.08.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 11, став 3 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04, 49/04 и 86/08), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, ја усвои следната

П Р О Ц Е Н А
на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи

I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

1. Географска положба
2. Релјефна структура
3. Клима
4. Хидрографија
5. Население и населби

I I . ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

1.Загрозеност од земјотреси , урнатини и рударски несреќи

2.Загрозеност од поплави и уривање на високи брани

3.Загрозеност од снежни намети , лавини и голомразица

4.Загрозеност од пожари и експлозии

5.Загрозеност од неексплодирани убојни средства

6.Загрозеност од свлечишта и лизгање на земјиштето

7.Загрозеност од епидемии на заразни заболувања

8.Загрозеност на животни и производи од животинско потекло

9.Загрозеност на растенија и производи од растително потекло

10.Загрозеност од акциденти со опасни материи

11.Загрозеност од поголеми сообраќајни несреќи

12.Загрозеност од техничко – технолошки несреќи и заштита на животната средина

13.Загрозеност од други вонредни состојби

В О В Е Д

Следејќи ги природните непогоди и други несреќи од поголем обем, што го зафатиле подрачјето на Општина Велес во изминатиов период, констатираме дека тие во најголем дел се последица на дејствувањето на природните сили .

Природните непогоди на подрачјето на Општина Велес досега предизвикувале главно материјални штети од помали и поголеми размери, но претставуваа и опасност за животот и здравјето на населението. Со оглед на тоа што влијанието на човекот врз нив е ограничено (превентивни и последични мерки), потребно е да се изработи Проценка на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи, а врз основа на тоа годишна акциона Програма за заштита и спасување и План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи .

Освен од природните сили на територијата на Општина Велес постојат опасности и од други несреќи (брани, експлозивни материи, сообраќајници), кои исто така се опфаќаат како во проценката за загрозеност така и во програмата и во плановите за заштита и спасување .

Проценката за загрозеност на подрачјето на Општина Велес е со цел да се предвидат можните опасности, а врз основа на тоа да се изработат и мерките за заштита и спасување со конкретни превентивни дејства и мерки за отстранување на последиците .

Со доследно спроведување на Законот за заштита и спасување, како и со планирањето, подготвувањето и спроведувањето на мерките за заштита и спасување во голема мера би се намалиле опасностите од природните непогоди и другите несреќи на подрачјето на Општина Велес.

I.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

1.Географска положба

Подрачјето на Општина Велес се простира во централниот дел на Република Македонија. На север, од Скопската котлина е одвоена со источните падини на планината Голешница и јужните на Градиштанската планина. Границата на исток, преку пониски ридови е отворена спрема Овчеполието. Јужната граница исто така, со пониски ридови е отворена спрема општина Градско и понатаму према Тиквешката котлина. Западната граница спрема општина Чашка ја сочинуваат јужните падини на планината Голешница. Вкупната површина на Општина Велес изнесува 428 км2.

Општина Велес со површина од 428 км2 и број на население од 55.108 жители, лежи во средното Повардарие, зафаќајќи ги долните делови од сливните подрачја на реките Бабуна и Тополка на запад, и сливните подрачја на Отовичка река и Дервенскиот поток на исток.

Општина Велес се граничи со следните општини: на север со општините Зелениково и Петровец, на исток со општините Свети Николе и Лозово, на југ со општината Градско и Чашка и на запад со општината Чашка.

Низ Општината, поточно низ долината на Вардар води железничка линија од север преку Скопје до Солун. На оваа главна железничка линија се надоврзуваат и две споредни. Едната води спрема југозапад кон Битола и Леринската котлина и другата спрема исток преку Штип до Кочани.

Во истите правци низ подрачјето на општината поминуваат магистрални, регионални и локални патни правци, од кој најважен и од меѓународно значење е магистралниот пат Табановце – Куманово - Скопје – Велес - Гевгелија , како и патните правци спрема Битола – Мецитлија; Битола – Струга – Ќафасан и Штип - Кочани. Поголемите селски населби се поврзани со градот со асфалтни патишта од понизок ранг, но во солидна состојба. Кон некои селски населби каде бројот на жители е мал или се напуштени, патиштата се земјени и при врнежи од дожд и снег најчесто се тешко проодни.

Како главна централна сообраќајна раскрсница како во железничкиот така и во патниот сообраќај Општина Велес има идеална местоположба за комуникација со останатите општини во Републиката и на Балканот .

2. Релјефна структура

Во Општина Велес релјефот е типично долински со две клисури и една мала депресија помеѓу нив. На север е Таорската клисура, под устието на реката Пчиња во Вардар, а другата е под градот и завршува со устието на реката Бабуна. Оттука спрема југоисток долината на реката Вардар е нешто по проширена. Над нејзиното корито се протегаат низа убаво изразени карпести предели со повеќе нивоа .

Во јужниот дел на Велешката котлина се истакнува масивот Клепа (1149м.), а на запад е ограничена со високите планини Јакупица (2540м.) и Бабуна (1499м.). На исток границата ја сочинува полупланинско земјиште кое претставува помала изразита пределна целина и тоа поради отвореноста спрема Овче Поле и долината на реката Брегалница . Во средишниот дел е Велешката котлина низ која тече реката Вардар и е ограничена со возвишувањата : Гроот , Жеден , Прнарка , Свети Илија и Вршник .

3. Клима

За климатските услови во Општина Велес е карактеристично вкрстувањето на медитеранска клима од југ и умерено континенталната клима од север со што можеме да ги објасниме големите промени на годишните температури . Во подрачјето доминира медитеранска клима и умерена континентална клима која особено е изразена во есенските и пролетните денови. Просечната температура изнесува 13,4 °C, годишниот максимум изнесува 41,3 °C, а годишниот минимум – 21,4 °C .

Ветровите најчесто дуваат од север и северозапад (од север 168 ‰ и од северозапад 152 ‰) со просечна брзина од 1,8 до 2,6 м/сек. Максималната брзина ја достигнува Вардарецот (од 9 до 31 м/сек.).

Просечна годишна сончева светлина во Општина Велес е застапена со околу 2.200 часови .

Врнежите на дожд се релативно ниски и тоа: годишен просек од 454,1мм воден талог, годишен просечен минимум од 289,7мм и годишен просечем максимум од 581,5мм воден талог. Врнежите се најмногу застапени во раните пролетни, доцните есенски и зимските денови.

Во Општина Велес снежните врнежи се со годишен просек од 262 мм. и се задржуваат просечно по 10 дена. Врнежите се најмногу застапени во раните пролетни, доцните есенски и зимските денови.

Маглите се појавуваат во доцните есенски и раните зимски денови и се застапени околу 15 дена .

4. Хидрографија

Најголема река која протекува низ подрачјето на Општина Велес е реката Вардар, со нејзиниот среден дел од течението, во должина од околу 38 км. На север тече низ Таорската клисура и кај с.Башино Село влегува во Велешката котлина. Во градот тече низ Велешката клисура се до вливот на реката Бабуна од каде продолжува да тече и преминува во општина Градско низ ридчест и равничарски терен.

Втора по големина е реката Бабуна, која низ територијата на Општина Велес тече низ клисурест дел од с.Бусилци до вливот во реката Вардар.

Трета по големина река е Тополка, која низ подрачјето на Општина Велес тече со својот долен дел во должина од околу 10 км и тоа исклучиво низ клисурест предел.

Останатите два стални водотеци, кои во својот тек и слив, целосно се наоѓаат на подрачјето на Општина Велес се Отовичка река и Дервенски поток, и двата со должина од по 10 км.

Останатите водотеци кои ги има многу се повремени односно на пролет при топењето на снеговите или при поројни дождови.

Од ридско – планинските и падинските подрачја во реките се слеваат и низа потоци (порои).

На подрачјето на општина Велес се наоѓа вештачката акумулациија езерото „Младост“ кое се полни од Отовичка река.

5. Население и населби

Во Општина Велес според статистички податоци од 2002 г. живеат 44.240 жители населени во градот Велес – седиште на општината и 10.868 жители во населени места кои ја сочинуваат велешката општина. Најнаселени места се рамничарските делови на подрачјето и просторот околу градот, додека ридско – планинските подрачја се демографски полупразни, без развиена инфраструктура. Просечна густина на населението во Општина Велес е 42 жители на 1 км².

Ред. број	Населено место	Број на жители
1.	Велес	*44.240*
2.	Бабуна	*24*
3.	Башино село	*814*
4.	Бузалково	*1456*
5.	Ветерско	*9*
6.	Г. Оризари	*2262*
7.	Г. Каласлари	*38*
8.	Д. Каласлари	*446*
9.	Иванковци	*857*
10.	Клуковец	*193*
11.	Кумарино	*74*
12.	Лугунци	*10*
13.	Мамутчево	*331*
14.	Новачани	*5*
15.	Ораовец	*19*
16.	Отовица	*274*
17.	Превалец	*2974*
18.	Раштани	*286*
19.	Р′левци	*18*
20.	Рудник	*42*
21.	Слп	*47*
22.	Сливник	*444*
23.	Сојаклари	*230*
24.	Сопот	*15*
25.	Црквино	*363*
26.	Чолошево	*210*
27.	Џидимирци	*31*

II. ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

1. Загрозеност од земјотреси, урнатини и рударски несреќи

Според податоците кои постојат, подрачјето на Велес се наоѓа на територија со максимален степен на сеизмичност од 6 ° од Меркалиевата скала .

Земјотресите од помал интензитет со епицентар во поблиската и подалечната околина се чувствуваат и на ова подрачје .

Голем дел од објектите во Општина Велес особено индивидуалните домови во претходниот период се изградени без примена на мерки за сеизмичка заштита. Затоа е потребно да се изврши соодветно планирање и организирање на активности за подготвеност во случај на земјотрес, со ангажирање на расположивите персонални и материјално – технички ресурси на подрачјето .

За добивање на пореална проценка, неопходно е да се извршат испитувања на градбите и да се дефинира влијанието на локалните почвени услови .

Повредливоста на просторот е зависна од изграденоста и искористеноста на замјиштето, системот и видот на градбите и инфраструктурата на истите, како и постоењето на зелени површини, квалитетот на градежните објекти, снабдувањето со вода и енергија и др.

Ред.бр.	Опис	
1.	Микролокација	Општина Велес : Градот Велес и населените места – Бабуна, Башино Село, Бузалково, Ветерско, Г.Оризари, Г.Караслари, Д.Караслари, Иванковци,Клуковец, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ораовец, Отовица,Превалец, С'лп, Раштани, Р'левци, Рудник, Сливник, Сујаклари, Сопот, Црквино, Чолошево и Џидимирци
2.	Определување на ниво на ризик	6-7° МЦС (меркалиева скала)
3.	Опис на загрозени добра	-Значително оштетување на добро проектирани и градежно изведени објекти -Изместување на рам-конструкција на добро проектирани објекти -Оштетувања на обични објекти -Придвижувања на објекти во однос на темелите -Оштетување, прекинување на одделни патишта, мостови, електрични и телефонски мрежи, радио-тв предаватели , потпорни ѕидови -Прекинување на системите за водоснабдување
4.	Вредност на загрозени добра	Целокупниот движен и недвижен имот во општината , освен земјоделското земјиште
5.	Опис на превентивни мерки	-Примена на сеизмички норми при градба на објекти со просторни и урбанистички планови -Степен на оптимална отпорност на објекти од уривање предизвикано од сеизмички и други потреси -Обука на силите за заштита и спасување за делување при расчистување на урнатини -Обезбедување на градежни машини за расчистување на урнатини -Обезбедување на противпожарни возила за заштита од евентуални пожари -Обезбедување места и агрегати за полнење со вода на ПП возила -Обезбедување на вода за пиење на настраданото подрачје -Обезбедување прва помош, храна и импровизирано сместување под шатори -Обезбедување на возила за утовар и транспорт на градежен шут -Обезбедување на локација за исфрлениот градежен шут

2. Загрозеност од поплави и уривање на високи брани :

- Загрозеност од поплави од реки и порои : Вардар , Бабуна , Тополка и Отовица

Реката Вардар: Најголемата река која протекува низ градот Велес и го дели на два дела. Протекувајќи низ велешката клисура ги прима реките Бабуна и Тополка. За време на висок водостој реката Вардар се излева од своето корито и ги плави рени бунарите, делови од земјоделското обработливо земјиште кои се на ниско ниво до речното корито и ниско котираните станбени објекти во потесното градско подрачје кои гравитираат по нејзиното течение .

На основа на извршените проучувања за состојбата на реката, утврдени се критични места и потези, за кои треба да се изнајдат трајни решенија за да се зголеми сигурноста на загрозените места. По течението на реката Вардар низ градот се поставени мерни места како би можело да се евидентира нивото на реката Вардар во секој момент, и во случај на високо ниво на водата би алармирале за неговото евентуално плавење.

Водите на реката Вардар служат како резервна варијанта за водоснабдување на градот (ако има прекин при испораката на вода од хидросистемот Лисиче) преку рени бунарите кои се наоѓаат пред влезот на градот. Приградските населби и селата водите од раката Вардар ги употребуваат за наводнување на земјоделските обработливи површини.

Најприоритетно за градот Велес за заштита од поплави се смета уредување и регулирање на речното корито на реката Вардар од влезот кај Башино Село до вливот на Тополка во Вардар во должина од околу 5 км.

Река Бабуна: Втора по големина река на подрачјето на општината (со вкупна должина од 62 км.) која со дел од нејзиниот тек тече низ Општина Велес. Изворишниот дел е под падините на Јакупица и се влива во реката Вардар на околу 5км. јужно од градот. Во долниот дел по нејзиниот тек има обработливо земјиште и дел од нејзините води служат за наводнување на истото, а во последно време е евидентирана и изградба на викенд куќи и објекти непосредно до коритото . Вода има во текот на целата година, иако во текот на летниот период нејзиниот режим доста опаѓа. Нема вештачка акумулација за прибирање на ударните бранови и затоа е потребно да се води поголема сметка за дорегулирање и одржување на нејзиното корито. Не е евидентирано досега поголемо излевање на реката Бабуна од нејзиното корито и плавење на обработливото земјиште.

Како превентивни мерки би ги посочиле одржувањето и заштитата на дел од коритото на реката, како и поставување и правење на помали брани и каскади на одредени места кои би го ублажиле првиот (ударниот) воден бран на истата .

Река Тополка : Иако воглавно има помал доток на вода од наведените две реки, позната е и со големи дотеци кога се плават обработливите површини во нејзиниот средишен воден тек. Должината на нејзиниот тек е 38 км. со извор под Јакупица , и нејзините води се користат за наводнување на обработливото земјиште како во соседната општина Чашка така и за населбата Превалец. По нејзиниот тек има и индустриски комплекси кои исто така ја користеа или сеуште ја користат водата од реката така да количината во текот на летниот период значително опаѓа.

На реката Тополка има вештачка акумулација за апсорбирање на поголеми води (хидроакулулацијата „Лисиче“), така да правењето на помали брани на речното корито како превентивни мерки не би го ублажиле ударниот воден бран настанат од евентуалното рушење на браната. Како превенција би го посочиле одржувањето на речното корито, негово чистење од отпаден материјал и делови од вегетацијата (дрвја, гранки, грмушки).

Отовичка река: Отовичка река со нејзиниот мал дотек во долниот дел се влева во вештачката акумулација - езерото „Младост“. Преку лето реката може да биде и без вода (користење на нејзината вода за наводнување на околните земјоделски обработливи површини). До сега не е евидентирано поголемо излевање на реката, а како превентивна мерка би го посочиле одржувањето на коритото на реката и негово чистење од отпадни материјали .

Порои : Иако во најголем дел со мал или без воден тек , пороите при обилни врнежи предизвикуваат значителни штети на Општина Велес. Особено како проблематичен е евидентиран Дервенскиот поток во урбаниот дел на градот кој при обилни врнежи се излева и плави дел од куќите кои се до неговото течение, како и дел од пазарот и дуќаните кои гравитираат околу него.

Како превентивни мерки би го посочиле довршувањето на системот за одвод и изградба на каскади по неговото течение (во тек се градежни работи) во урбаниот дел, но и во делот од неговиот тек пред влезот во градот .

Одржувањето и празнењето на препреките (каскадите) од наноси и чистење на текот на пороите во урбаниот дел од градот би се сметало како превентивна мерка.

Ред.бр.	Опис	
1.	Микролокација	Општина Велес: Градот Велес и населените места: Башино Село, Превалец, Војница и др.
2.	Определување на ниво на ризик	II
3.	Опис на загрозени добра	станбени и деловни објекти, дворови на станбени и деловни објекти, подруми, улици и патишта, земјоделско обработливо земјиште
4.	Опис на превентивни мерки	-одржување на ниво на водите во браните за да можат да ги примат ударните бранови од атмосферските врнежи -доизградба на системот за одвод и изградба на каскади на Дервенскиот поток -одржување на отворените канали за одвод и атмосферска канализација во градот -регулација на речните корита, заштита од узурпација и одржување на регулираниот дел од речните корита
5.	Потребни метеријални средства за превенција	Утоварачи, багери, кипери, вреќи со песок, водни пумпи, алати (копачи, лопати)
6.	Опис на мерки за справување	-отстранување на препреки на водните текови од дрвја, гранки и отпадни материи -поставување на враќи со песок и градење на тампон зони на преливните места -обезбедување на сообраќајниците -снабдување на населението со вода за пиење и прехрамбени продукти -контрола на системот за водоснабдување и превенција од загадување во места каде населението се снабдува со вода од бунари и бушотини -превентивна заштита од заразни болести
7.	Ниво на приоритет	II

- Загрозеност од вештачки акумулации – брани:

Вештачка акумулација езеро " Младост " е изградена првенствено за наводнување на обработливите површини и лозовите насади на поранешниот Агрокомбинат " Лозар ". Изградена е со капацитет од 11.000.000 м³ вода како за наводнување така и за рекреација. Браната е изградена од армиран бетон со пропратни елементи за испуштање на вишокот вода од акумулацијата при голем воден бран. Во првиот ударен бран се излева во реката Вардар и се опфатени делови од градот кои се покрај течението на реката Вардар како и по неговиот тек низводно.

Во посебни елаборати за загрозеност од браната Младост извршено е обележување на поплавниот бран во загрозените подрачја низводно од браната, насоките за евакуација како и кризните ситуации.

Хидроакумулација " Лисиче " е изградена првенствено за обезбедување со вода за населението на Општина Велес, населените места кои гравитираат околу градот како и за наводнување на земјоделските обработливи површини околу браната . Изградена е во 2008 год. од камено-насипно глинено јадро со капацитет од 24,8 милиони м³ вода. Во првиот плавен бран предизвикан од евентуалното уривање на браната ќе бидат на удар селата и земјоделските површини по течението на реката Тополка, дел од станбените и стопанските објекти лоцирани во нејзина близина, железничката станица Чашка и други индивидуални објекти.

Од сообраќајната инфраструктура се изложени регионалниот пат Велес-Прилеп, мрежата од локални патишта од понизок ред, а и железничката пруга Велес – Прилеп исто така ке биде погодена од плавниот бран како и придружните мостови.

Имајќи ја во предвид состојбата на браните, а со цел да се избегнат, односно намалат последиците од неконтролирано прелевање или евентуално рушење потребно е од страна на надлежните државни органи во рамките на законските прописи за безбедност од високи брани, да се запознае Општина Велес

со состојбата на браните и во соработка со општинските органи да се превземат мерки за делување во услови на кризна состојба.

Со оперативниот план за заштита и спасување на населението и материјалните добра се предвидуваат и реализираат конкретни мерки за делување во зависност од проценката на загрозеност од браните.

3. Загрозеност од снежни наноси, лавини и голомразици

Лавините не се карактеристични за подрачјето на Општина Велес, а снежните наноси најчесто се јавуваат на регионалните и магистралните патишта. Сепак во одреден период во годината тие можат да предизвикаат тешкотии во сообраќајот, прекин во електро и телефонските водови како и отсеченост на одделни населени места.

Општината секоја година донесува посебна Програма за одржување на локални патишта и улици во зимски услови. Набавува индустриска сол, врши увид во расположивата механизација и ги задолжува јавните претпријатија за одржување на локалните патишта и улици во зимскиот период. По потреба вклучува и дел од градежната механизација за чистење на снежни наноси.

При просечни врнежи на снег од 10–30 см. надополнети со силни ветрови на магистралните и регионалните патишта можно е да се створат снежни намети и тоа :

-На автопатот Велес – Скопје (споменикот кај село Рудник)

- Регионален пат Велес – Штип (после Велес на 3км. месност Кула и околу 5 км. во правец на Штип)

-Регионален пат Велес – Градско (кривините од ХИВ до с.Ногаевци)

-Локален пат Велес – Бузалково (раштански рид – споменикот)

- Локален пат Велес – Чашка (место викано “ долги рид “)

- Локален пат Велес – Иванковци (пред с.Мамутчево и патот за с.Иванковци)

ЈП “ Македонија пат “снегот од магистралните и регионалните патишта, што значи воедно и од улиците во градот и населените места, треба да го чисти со исфрлање на погодни локации што се определени со Програмата за зимско дејствување донесена од Советот на Општина Велес.

Со оперативниот план за заштита и спасување на населението и материјалните добра од снежни намети и лавини, врз основа на проценките на загрозеност се утврдуваат приоритети на чистење на локалните патишта, улици и тротоари, со приоритет според степенот на важноста на сообраќајниците и обезбедување пристапност до јавни објекти (болници, државни установи, училишта, цркви и сл.) како и конкретни извршители за редовно и вонредно зимско одржување.

4. Загрозеност од пожари и експлозии

На подрачјето на Општина Велес постои опасност за загрозеност од пожари и нивно брзо ширење, како во урбаните средини (станбените и индустриските објекти во градот и населените места) така и на отворен простор (шумски предели, шикари, земјоделски површини) .

Во Општина Велес често се случуваат пожари на објекти. Најчеста причина е невнимание со ракувањето со запалливи материјали, неисправни или неисчистени оџаци, проблеми со електричната инсталација и сл.

Територијалната противпожарна единица во Велес главно се справува со проблемите од оваа област. Потребно е уште многу да се работи на превентивни мерки за едукација на населението, како и за опремување на инфраструктурата и објектите со елементи за ПП заштита како и за натамошно доопремување и екипирање на ТППЕ – Велес.

Шумските пожари во Општината Велес се постојана закана и предизвикуваат значителна штета во стопанството, а се загрозува и функцијата на шумите во зачувување на човековата околина. Најголемиот дел од досега регистрираните пожари се предизвикани од несовесно однесување и негрижа на населението при престој во шумските комплекси

Во Општина Велес има 9 (девет) шумскостопански единици со кои стопанисува подружницата со различен степен на загрозеност зависно од местоположбата на единицата. На шумските површини како најзастапен вид на шумска вегетација се наоѓаат даб, бука, бор, чемпрес, багрем, габер, како и видови ниска вегетација во зависност од местоположбата на шумската единица.

Сушните периоди со над еден месец без дожд иако се ретка појава, сепак ги има и предизвикуваат големи штети не само за земјоделските површини, а како особено опасно е исушувањето на тревата во планинските и падинските региони, со што се доведува до опасност од шумски пожари и пожари на отворен простор .

Потребна е целосна примена на законските прописи од оваа област, како на превентивен план така и на дејствување во услови на појава на шумски пожари. Главни регистрирани причини за шумски пожар е човечкиот фактор (невнимание при ракување со запалливи материјали, палење на оган, намерно палење, фрлање отпушоци и др.), а поретко од временски неприлики (удар на громови, големи суши и др.) .

Пожарите на отворен простор главно настануваат при палење на стрништа по жетвата.

И покрај постојаното известување и апелирање за не палење на нивите и стрништата има лица што и покрај укажувањата за опасноста од пожар сеуште ги палат, не согледувајќи ги притоа последиците од настанувањето на поголеми пожари и штетите настанати од нив. Регистрирани се и големи оштетувања на соседните парцели од невнимателното палење на стрништата пред се на овошните и лозовите насади.

5.Загрозеност од неексплодирани убојни средства

Како на целата територија на Република Македонија така и во Општина Велес има присуство на неексплодирани убојни средства (НУС) и истите претставуваат потенцијална опасност како за населението така и за материјалните добра.

Во Општината Велес како посочени места каде би постоела можност да има закопани или затрупани НУС се поранешните стратегиски објекти (железничката станица, касарната, фабриките, општинските згради и др.) кои би биле цел на бомбардирања во војните на нашата територија. Места каде се пронаоѓаат овие НУС има и при уривање на стари куќи и копање на темели врз истите, при заорување на ниви, во близина на магистрални и регионални патни правци и др.

Во последно време најдени се НУС во околината на с.Отовица кај железничката станица Отовица, при ископ на темели за изградба на магацини во близина на железничката станица Велес, околината на касарната при копање на темели за куќи и на други места.

Со оглед на нивната експлозивна и убиствена моќ потребата за заштита од НУС претставува комплексна мерка кај која е потребно доследно придржување кон пропишаните стандардни оперативни процедури од страна на сите субјекти што се вклучени, почнувајќи од нивното откривање, утврдување на видот, експлозивното полнење, извлекување на безбедно место, нивното транспортирање, складирање на соодветни места, па се до нивно уништување.

6. Загрозеност од свлечишта, одрони и лизгање на земјиштето

Во реонот на град Велес и неговата поширока околина, согласно геолошката карта и микро увидот на лице место, регистрирани се свлечишта од поголем обем како и терени подложни на одрони .

- Најголемото свлечилште на земјиштето во Општина Велес е евидентирано на левата страна на градот под црквата Свети Спас, во месноста Рамина, каде тековно се извршуваат работи (изградба на потпорни ѕидови).

Лизгање на земјиштето се забележува во с.Иванковци - источно од населбата. На дел од автопатот Велес-Катлановo од езерото „Младост“ до споменикот кај Пуста Кула од левата страна активно е свлечиште после изградбата и проширувањето на автопатот.

- Во клисурестиот дел на реката Вардар до устието на реката Бабуна можни се одрони од помал обем. Во неколку улици од стариот дел на градот каде куќите се изградени на ридесто карпесто земјиште евидентирани се неколку помали одрони. Над црквата Свети Пантелејмон има помали одрони од една слободна и распукана карпа надвисната над неа. Изграден е потпорен ѕид и анкерисан е нестабилниот карпест блок. На автопатот Скопје-Велес на околу 10 км. пред градот над железничката станица Рајко Жинзифов исто така често се случуваат одрони.

Овој дел на теренот е од стари преклисталисани карпи кои припаѓаат на таканаречената Велешка серија и истите се тектонски пореметени, што условува појава на поголеми распукани карпи кои се изразито лабилни со што се подложни на самоодронување и при мали потреси од било какви причини. Одроните претставуваат постојана опасност за населението, патиштата, железничката пруга, и објектите околу нив .

Ред.број	опис	
1.	Микролокација	Општина Велес : Левата страна под црквата Св.Спас, околината на с.Иванковци, на дел на автопатот Велес-Скопје; одрони : на делови на автопатот Скопје-Велес, на излезот од Велес до устието на реката Бабуна, над црквата Св.Пантелејмон и неколку улици во стариот дел на градот
2.	Определување на ниво на ризик	II
3.	Опис на загрозени добра	Куќи , сообраќајници , материјални добра
4.	Превентивни мерки	-Следење на состојбата кај свлечиштето под црквата Св.Спас и преземање на мерки за спречување на истото -поставување на потпора на карпата надвисната над црквата Св.Пантелејмон -Испитување на земјиштето пред ДУП да издаде место за градба, и придржување на пропишаните услови за градба на објекти

7.Загрозеност од епидемии на заразни заболувања

Превентивната медицинска заштита, зголемувањето на здравственото воспитување, подобрувањето на санитарно – хигиенската состојба во градот и населените места, преку уредување на водоснабдувањето, урбанизацијата, управување со отпадот и сл. придонесоа за намалување на опасностите од епидемии и заразни заболувања.

Сепак епидемиолошката состојба е константно несигурна, бидејќи повремено се регистрираат заболени лица од разни заболувања во форма на помали или поголеми епидемии.

Покрај тоа и самата географска положба на Општината и климатските промени што се должат на непредвидливите временски услови што се последица и на глобалното затоплување, резултираат со појава на непознати болести и погодности за нивно пренесување. Воедно и изразените движења на населението од и кон соседните и други земји, придонесуваат за пренесување на заразни заболувања и можни појави на заразни заболувања и нивно ширење во форма на епидемија .

Во услови на природни непогоди, се загрозуваат и условите за живот и работа на населението, што може да доведе и до заразни заболувања и епидемии. Примарна цел во вакви услови е прифаќање, медицински третман и згрижување на настраданото неселение.

Покрај тоа треба да се реализира:

■ следење на санитарно-хигиенската и епидемиолошката состојба;

■ контрола на водата за пиење и преземање мерки за снабдување на населението со чиста вода за пиење;

■ преземање мерки за заштита на населението (предупредувања, вакцинација, обезбедување лекарства, потребна медицинска нега и др.)

Плановите за заштита и спасување на населението од загрозеност од епидемии и други заразни заболувања се спроведуваат согласно Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, подзаконски акти од оваа област и Програмата за превентивна здравствена заштита што ја донесува Владата на РМ.

Општина Велес врши надзор над појавата, состојбата и движењето на заразни заболувања преку размена на информации со Заводот за здравствена заштита – Велес, Црвениот крст на Република Македонија - кој располага и со единица за итни интервенции опремени со потребните материјално – технички средства и опрема и др.

8.Загрозеност на животни и производите од животинско потекло

Загрозеноста на здравјето на животните и производите од животинско потекло исто така треба да се следи на подрачјето на Општина Велес .

Во претходните години во ридско-планинските предели имаше појава на бруцелоза кај овците, а со тоа и опасноста за заразување на производите од животинско потекло. Бруцелозата на тоа подрачје е санирана, но останува опасноста од нови појави .

Промената на начинот на одгледувањето, исхраната, условите за сместување и едуцираност на одгледувачите на домашни животни во многу ќе придонесат за намалување на појавата од заразни болести.

Превентивно дејствување во оваа област се обезбедува со севкупно евидентирање на ситниот и крупниот добиток, неговото одбележување, следење на појавата на болести, превентивно вакцинирање, отстранување на заразните грла, контрола на движење надвор од местата за чување и испаша, контрола на стоката што пристигнува од други реони и сл.

Покрај ова, потребна е и перманентна контрола на производите од животинско потекло што ги консумира населението од страна на надлежните органи. Преземањето превентивни мерки и лекувањето на животните се врши преку ветеринарните станици, земјоделските и другите трговски друштва што се занимаваат со оваа дејност (сточарски и живинарски фарми), а контролата ја вршат овластени ветеринарни инспектори.

Следењето на состојбите како и превентивното дејствување против загрозеноста на животните и производите од животинско потекло, општината го следи преку соработка со надлежните органи.

Обврската за планирање на мерките за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло, покрај органите на државната управа има и општината и треба да се реализира во рамките на планирањето (развојно и оперативно) со определување на видот и големината на силите за заштита и спасување кои треба да учествуваат во собирање на повредени и заболени животни, определување места за собирање и транспорт до најблиските ветеринарни станици за укажување помош.

9. Загрозеност на растенијата и производите од растително потекло

За време на вегетацијата земјоделските и шумските растенија во Општината Велес постојано се изложени на голем број растителни болести и штетници кои можат да нанесат големи материјални штети на земјоделските култури и на шумите.

Според досегашните сознанија најголеми штети на земјоделските и другите растенија предизвикуваат: пламеницата, пепелницата, црнилка на тутунот, бактериските и вирусни заболувања, лисните вошки, скакулците, житната пијавица, полските глувци и др.

Кај шумските растенија штети предизвикуваат: губерот, жотомешката, боровата гасеница и др. Регистрирана е и појава на сушење на стебла на одредени видови на растенија .

Пламеницата, пепелницата и поголем број штетници ги обезлистуваат растенијата и посредно го намалуваат приносот на културите што се засадени (особено забележливо е на лозовите насади). Во последно време е забележлива појава на боровата гасеница на боровата шума во општината.

Појавата на загрозеност на растенијата и производите од растително потекло се следи од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и од земјоделските и шумските претпријатија и нивните подружници кои покрај следењето на состојбите се задолжени да превземаат мерки за сузбивање на болестите и штетниците кај растенијата со што го спречуваат и нивното ширење.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло се остварува во рамките на единствениот систем за заштита и спасување во кој свој удел има и општината .

10.Загрозеност од акциденти со опасни материи

Како во Општината Велес така и во нејзината околина загрозеноста од акциденти со опасни материи е голема. Во градот се сместени Металуршко хемискиот комбинат „Злетово" (кој моментално не е во функција), Металната индустрија „Брако", Прехрамбената индустрија „Благој Ѓорев", Кожарска индустрија „Димко Митрев", а во неговата близина Хемиската индустрија „Велес"(моментално не е во функција) , складот за нафта и нафтени деривати „Макпетрол" во Превалец, кои се потенцијална опасност за Општината и нејзината околина.

Одредените опасни материи кои се наоѓаат во фабричките кругови складирани во специјални цистерни за таа намена се користат за суровини во производството (перхоретилен , мравја киселина, би-полир, хексан, течен цинк, сулфурна киселина и др.), а во некои има и нафта и нафтени деривати кои се користат за затоплување или за одредени други активности (точење на гориво на бензиските пумпи) и др. Опасноста доаѓа од нивно излевање (преку почвата или излевање во реките) , експлозија или било каква друга хаварија на истите .

Исто така постои загрозеност од акциденти со опасни материи и од бензиските пумпи за точење на гориво во Општината.

11. Загрозеност од поголеми сообраќајни несреќи

Општината Велес со својата местоположба е средиште како на патниот така и на железничкиот сообраќај во Републиката. Сообраќајните несреќи во патниот сообраќај на подрачјето на Општината според бројот на повредените и загинатите преставуваат перманентна опасност за животот и здравјето на населението, а и според материјалната штета пред се на моторните возила.

Најчести причини за сообраќајните несреќи во општината се: брзо возење, управување на моторно возило во алкохолизирана состојба, непочитување на сообраќајните знаци и правила и неприлагодување на брзината спрема условите на патот.

Несреќите во железничкиот сообраќај во општината можеме да ги окфалификуваме како невнимателни несреќи, бидејќи сите несреќи што се случиле биле од непочитување на возачите на моторни возила на сигналните уреди на рампите на железничките пруги, или пак невнимание на луѓето на необележаните железнички премини (сообраќајна несреќа воз – автомобил, прегазување на човек на жел.пруга и др.).

Токму затоа на проценката на загрозеност од сообраќајни несреќи, треба да и се обрне поголемо внимание и да се разработат детални мерки за превентивно дејствување на истата .

Ред.број	Опис	
1.	Микролокација	Општина Велес: магистралниот, регионалните , локалните патишта и улици на подрачјето на Општината, железничкиот сообраќај кон Гевгелија, Битола, Кочани
2.	Определување на ниво на ризик	II
3.	Опис на загрозени добра	Животот и здравјето на населението, штети на моторните возила и материјалните добра
4.	Опис на превентивни мерки	-изградба, одржување и заштита на сообраќајниците -поставување нова и одржување на постојната сообраќајна сигнализација -забрана за приклучување и поставување на препреки на дивите вклучувања во сообраќај -доследна примена на утврдениот режим на сообраќај за одделни сообраќајници -воведување постојана електронска (радарска) контрола на градските сообраќајници следејќи ја брзината на движење - почитување на сообраќајната сигнализација од учесниците во сообраќајот
5.	Потребни материјални средства за превенција	Се утврдуваат со планот за заштита и спасување
6.	Опис на мерки за справување	Доследна примена на репресивни мерки против учесниците во сообраќајот, кои не го почитуваат пропишаниот режим на сообраќај, особено во поглед на брзината на движење и управување на моторно возило под дејство на алкохол
7.	Ниво на приоритет	I I

12. Загрозеност од техничко-технолошки несреќи и заштита на животната средина

- Загрозеност од недостиг на вода од дефекти и загадување на системите за водоснабдување

Градот Велес и дел од населените места во Општина Велес со вода за домаќинствата се снабдуваат преку водоснабдителната станица од браната „Лисиче“, како и од рени бунарите на реката Вардар со кои стопанисува ЈКП “Дервен“.

ЈКП “Дервен“ располага со екипи за отстранување на дефекти, а со тоа и сили и материјални средства за делување во услови на техничко-технолошки дефекти на водоснабдителниот систем и објект.

За снабдување на населението со вода за користење се користи вода од браната „Лисиче“, а резервен водоснабдителен објект се рени бунарите на реката Вардар. Покрај тоа постојат и низа артерски бунари, бушотини и природни извори кои можат да се користат за алтернативно водоснабдување.

Редовната контрола на водата во водоснабдителниот систем и објект и алтернативните извори е услов за обезбедување на здрава и чиста вода за населението на општината. При поголеми дефекти инцидентно вода за населението може да се обезбеди и со цистерни.

Со Планот за Заштита и спасување детално ќе се предвидат мерките за делување во услови на недостиг на вода за пиење .

- Други техничко-технолошки несреќи

Мерките за заштита од техничко-технолошки несреќи, и покрај мерките за заштита на животот и здравјето на населението треба да содржат и мерки за заштита на животната средина. Досега во Општина Велес како техничко-технолошки несреќи се евидентирани: испуштање на загадени и отровни материи во реката Вардар и загадување на воздухот и контаминација на почвата од индустриските комплекси од фабричките оџаци.

Во Општината треба да се направи преглед на состојбите и можните опасности од техничко-технолошки несреќи, како и мерки за превентивно дејствување и тоа:

-Одржување на опремата и инсталациите за сигурно користење на материите кои преставуваат опасност (бензиски пумпи, складови за нафтени деривати, плински станици, резервоари за екстра лесно гориво, гориво за парни котли)

-Дејствување во услови на техничко-технолошки несреќи одделно за секој субјект што располага и користи опасни материи

-Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението, како и едукација и тренинг на персоналот при евентуална опасност од страна на претпријатијата што располагаат и користат опрема, инсталации и материјали кои преставуваат опасност за животот и здравјето на населението како и за животната средина при техничко-технолошки несреќи

- Заштита на животна средина

Со преземање на превентивните мерки и активности за заштита, особено во производствената, преработувачката индустрија и во сообраќајот може да се намали загадувањето на животната средина а со тоа и последиците врз населението и материјалните добра.

Животната средина може да биде загрозена на подрачјето на целата општина, особено од индустрискиот дел. Со престанок на работата на најголемиот загадувач во општината МХК „Злетово“ се ублажи големото загадување што беше евидентно во градот и неговите приградски населби. Квалитетот на водата, особено во поглед на хемискиот состав не задоволува, а тоа се однесува посебно на водата во реката Вардар. Загадувањето на почвата во општината е од отпадните материи од технолошките процеси како од воздух така и преку отпадните води како и од употребата на хемиски препарати во агрокомплексите.

Се уште како опасност за загадување на општината се смета и јаловината која е исфрлена од Топилницата и е во непосредна близина на фабриката и градот.

Индустриските капацитети со неконтролираното испуштање загадени и опасни материи во воздухот и водата ја загадуваат како почвата така и водата во реките во општината. Поради тоа поголемите загадувачи на водата и воздухот мора да се натераат да планираат, организираат и спроведуваат мерки за заштита на животната средина .

13. Загрозеност од други вонредни состојби

Општината со својата карактеристична изразита вертикална раздвоеност на градот на два дела и изразито планинскиот дел кој не е доволно прооден освен по долините е причина за различен интерес на агресорот на овој простор. Бидејќи општината го зафаќа централниот дел на Републиката не постои можност да биде загрозена од ненадејно дејство, а во почетната фаза би била надвор од почетокот на дејствувањето на копнените сили.

Вештачките изградени хидро акумулации, дополнително ја зголемуваат повредливоста на градот особено браните на езерото „Младост“ и браната „Лисиче“ поради поплава на делови од градот кои гравитираат покрај течението на реката Вардар и Тополка.

Подрачјето на Општина Велес со густината на населението, значајноста на сообраќајните коридори како и стратешката важност во случај на војна е со висок степен на повредливост на населението и материјалните добра и спаѓа во рангот во втората зона на загрозеност во Републиката.

Организацијата на одбраната на општината не е во надлежност на истата, но во мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра како и при загрозеност од природни непогоди вклучувањето на општината е неопходно.

Продолжувањето на подготовките со постојано ажурирање и надоградување на плановите се неопходни во правецот на заштита и спасување на населението и материјалните добра во услови на воена опасност и војна.

Советот на Општина Велес во насока на планирањето и реализација на Заштитата и спасувањето има формирано Просторни специјализирани единици за заштита и спасување.

Назив на единицата – штабот	
1.	Штаб за заштита и спасување
2.	Просторна единица за прва медицинска помош
3.	Просторна единица за заштита и спасување од пожари
4.	Просторна единица за заштита и спасување од поплави
5.	Просторна единица за комунални работи водовод и канализација
6.	Просторна единица за комунални работи електроинсталација
7.	Просторна единица за комунални работи ТТ инсталации
8.	Просторна единица за засолнување

Како општински организации – здруженија на граѓани кои учествуваат во помош при природни непогоди се: Црвениот Крст на Република Македонија – ОО на ЦК Велес, Противпожарниот сојуз на РМ - ПО Велес со доброволните противпожарни друштва и Извидничкиот одред „Димитар Влахов" Велес.

■ **Црвениот Крст на Република Македонија** – ОО на ЦК Велес како свои цели и задачи ги посочува и остварува фундаменталните принципи на меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина со својата хуманост, неутралност, доброволност, единство и универзалност.

Во рамките на својата активност се ангажирани во:

- собирање на помош од државни и приватни фирми и други донатори како и распределување на истата,
- распределба на добиената помош од Меѓународниот комитет на ЦК, Меѓународната федерација на ЦК и Црвената полумесечина и други меѓународни и национални хуманитарни организации,
- соработка со сите здравствени служби во спасување и згрижување на повредените и болните во случај на војна или природни непогоди и несреќи,
- соработка со државните органи во прифаќање и сместување на евакуираното население и спроведување на мерки за згрижување на настраданото и загрозеното население,
- популаризирање и организирање акции за доброволно дарување на крв во мирновремени и вонредни услови,
- учество во здравствено воспитување на населението, оспособување за давање прва помош и оспособување на кадри за безбедност на вода.

Во склоп на Црвениот Крст има припадници (волонтери) кои се ангажираат при елементарни непогоди како и за ублажување и остранување на последиците од непогодите. Волонтерите во Црвениот Крст се распоредени во тимови и истите имаат поминато повеќе обуки во зависност од потребите.

■**Противпожарниот сојуз на РМ – ПО Велес**, како и другите доброволни противпожарни друштва во Општина Велес за свои цели и активности ги посочуваат превентивно – едукативните методи за заштита на граѓаните, печатење на флаери со пригодни содржини за заштита на шумите и другите отворени простори од пожари, формирање на противпожарни патроли за делување на терен со дежурства во летниот период, но при тоа и кон одделни целни групи, како што се граѓаните кои што живеат во станбени објекти за колективно живеење, активност и едукација на младата популација во предшколските установи и детските градинки, установите кои згрижуваат лица со посебни потреби, едукација на училишната популација, вработените во малото стопанството и др.

Противпожарниот сојуз и доброволните противпожарни друштва на територијата на Општина Велес имаат членови – доброволни обучени пожарникари кои се спремни во секое време да делуваат на терен во гаснењето на пожарите во соработка со Територијалната противпожарна единица – Велес.

■**Извиднички одред „Димитар Влахов"** Велес како член на Сојузот на извидници на Р.Македонија има за цел да придонесе во образованието, едукацијата и развојот на младите луѓе, преку динамичните работни активности во извидничката мисија.

Мисијата на Извидничкиот одред „Димитар Влахов" од Велес е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот завет и закони, да помогне во изградба на подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

Визијата и целта на извидничкото движење е тоа да стане современо, атрактивно и самоодржливо,како и да обединува што поголем број млади луѓе кои ке се насочат кон физичкиот, интелектуалниот, емотивниот, социјалениот и духовниот развој за доброто на заедницата.

Извидничкото движење е воспитно, доброволно, неполитичко, самостојно и отворено за сите без оглед на нивната расна, верска или национална припадност, а кои ги прифаќаат неговите начела, принципи и метод за работа. Извидниците се придржуваат до одредени основни принципи и извиднички методи кои се обврска кон духовниот развој, обврска кон другите и лојалноста кон својата земја заедно со промоција на локалниот, националниот и меѓународниот мир, разбирањето и соработката како и учеството во развојот на општеството со признавање и почитување на дигнитетот на другите и интегритетот на природниот свет како и обврска кон самиот себе.

Членовите на Извидничкиот одред „Димитар Влахов ” спрема возраста се поделени во неколку категории и тоа - развигорци, помлади извидници и извиднички, извидници и извиднички, истражувачи и сениори .

Извидничкиот одред има волонтери кои се обучени (во зависност од потребите) за активностите на отворено и искуството стекнато од работата во природа, заради ангажирање при елементарни непогоди и епидемии, како и за ублажување на последиците на истите.

Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Велес има формирано тимови за брз одговор кои по потреба може да се мобилизираат во секое време во случај на некоја елементарна непогода :

Тимови за брз одговор :

- тим за прва медицинска помош
- тим за помош од поплави
- тим за РХБ – заштита
- тим за помош од урнатини
- тим за противпожарна заштита
- тим за спасување од високи објекти

Тимовите за брз одговор кои се оформени од Дирекцијата за заштита и спасување се обучуваат за укажување прва медицинска помош, гасење на пожари, спасување од поплави, спасување на загрозени и затрупани лица од урнатини, учество во засолнување, евакуација, згрижување на населението и други задачи.

Покрај тимовите за брз одговор Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Велес има формирано водови и одделенија кои учествуваат по потреба во истите задачи како и тимовите за брз одговор .

Назив на единицата – штабот	
1.	Вод за извидување
2.	Вод за РХБ деконтаминација
3.	Вод за прва медицинска помош
4.	Вод за заштита и спасување од пожари
5.	Вод за спасување од урнатини
6.	Вод за расчистување на урнатини
7.	Вод за заштита и спасување од поплави
8.	Вод за логистичка поддршка
9.	Вод за асанација на терен

Назив на единицата – штабот	
1.	Одделение за заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
2.	Одделение за згрижување на настрадано и загрозено население

Број 07-4045/11
25.08.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

150.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Елаборат за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ - Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Елаборат за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.08.2010 година.

Број 08-4152/11
01.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.08.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Елаборат за имплементација на мерки на енергетска ефикасност во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес

1. Советот на Општина Велес го разгледа Елаборатот за имплементација на мерки на енергетска ефикасност во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4045/12
25.08.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

151.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 92-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр. 67/04),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 02.09.2010 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“-Велес

1. За директор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“-Велес се избира:

-Валентин Елисковски

2. Директорот раководењето со Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски “- Велес ќе го извршува од 02.09.2010 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „ Коле Неделковски“- Велес да ги извести кандидатите за извршениот избор .

4. Со донесувањето на ова решение, престанува да важи Решението бр. 08-1589/3 од 12.04.2010 година за именување вршител на должност директор на ССОУ „Коле Неделковски“ – Велес.

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-4095/2
02.09.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

152.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 132, точка 14 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 13.08.2010 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинското основно училиште „Блаже Конески “- Велес

1. За директор на Општинското основно училиште „ Блаже Конески“-Велес се избира:

- Андон Николов - педагог

2. Директорот раководењето со Општинското основно училиште „Блаже Конески“- Велес ќе го извршува од 1.10.2010 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Блаже Конески“- Велес да ги извести кандидатите за извршениот избор .

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-3783/2
13.08.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

Бр на акт **Страница**

140	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес**	**215**
	О Д Л У К А за давање намена на објекти-спомен куќите на Јордан Хаџи Константинов Џинот и Касапови, сопственост на Општина Велес	
141	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на времено користење движна ствар – противпожарно возило, сопственост на Општина Велес**	**216**
	О Д Л У К А за давање на времено користење движна ствар - противпожарно возило, сопственост на Општина Велес	
142	**З А К Л У Ч О К за објавување Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес**	**216**
	Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес	
143	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес**	**217**
	Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес	
144	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2010 година**	**217**
145	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година**	**218**
	З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година	
	ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година	
146	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година**	**219**
	З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година	

Бр на акт **Страница**

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

147 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година** **221**

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и диполнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

148 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година** **222**

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

149 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи** **224**

З А К Л У Ч О К за усвојување Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Велес од природни непогоди и други несреќи

150 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Елаборат за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ - Велес** **239**

З А К Л У Ч О К за разгледување на Елаборат за имплементација на мерки на енергетска ефикасност во ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес

151 **Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“-Велес** **239**

152 **Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинското основно училиште „Блаже Конески “- Велес** **239**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00